До
Општина Битола

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА

| Примено: | 15. 01. 2026 | | |
|---|---|---|---|
| Орг.Един: | Број: | Прилог: | Вредност: |
| 11 | 9 | | |

109

# БАРАЊЕ
## за пристап до информации од јавен карактер

Од [redacted] со адреса на живеење [redacted] –
[redacted]

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019 од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер :

**Договори за исплатени хонорари на сите учесници за учество и настап на “ЗИМСКА ПРИКАЗНА 25/26” - Битола**

Истото да биде испратено на мојот е-маил.

Со почит,
15.01.2026 год.
Битола

[redacted]

ОПШТИНА БИТОЛА

Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи
Одделение за административни и општи работи

До
Одделение за економски развој

Бр.11-9/2
27.01.2026

**Предмет: Доставување на Барање за пристап до информации од јавен карактер**

Ви го доставувам барањето бр. 11-9/1 за пристап до информации од јавен карактер.

Ве молам за писмено известување по однос на истото (одговор) во рок од 5 работни дена.

27.01.2026

Лица за посредување при остварување
на слободен пристап до информации
од јавен карактер

Марија Атанасовска

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија
тел: 047 234 234 047 208 302 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@t-home.mk www.bitola.gov.mk

ОПШТИНА БИТОЛА

Сектор за економски развој, јавни дејности и информатичка технологија

28.01.2026 год.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА

| Примено: | 28. 01. 2026 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број: | Прилог: | Вредност |
| 11 | 913 | | |

До: Лица за посредување со информации од јавен карактер
Предмет: **Одговор**

Почитувани,

Во врска со Вашето барање за пристап за информаци од јавен карктер бр.11-9/2026 година, Ве известуваме дека Општина Битола не располага со документ насловен: договори за исплатени хонорари за сите учесници за учество и настап на зимската приксна 25/26 – Општина Битола.

Општината ја формализира соработката за учество на Зимска приказна со изведувачи од различни области на културата, а исплатата на договорната сума се врши во законскиот рок по доставување на потребната верификација за извршената работа, што претставува процес во времетраење од 2 месеци.

Со почит,

Изработил:
Дејан Додовски

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија

тел: 047 234 234 047 208 335 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@mt.net.mk www.bitola.gov.mk

ОПШТИНА БИТОЛА

Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи
Одделение за административни и општи работи

Бр.11-9/4
28.01.2026

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), постапувајќи по Барањето информација од јавен карактер од барателот [redacted] поднесено на **15.01.2026 година**, имателот на информацијата **Општина Битола** го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**СЕ УВАЖУВА** барањето на [redacted] по барање за пристап до информации од јавен карактер **бр.11-9** од **15.01.2026 година**, каде бара информации за Договори за исплатени хонорари на сите учесници за учество на „ЗИМСКА ПРИКАЗНА 25/26’’-Битола.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Барателот [redacted] поднесе барање за пристап до информации од јавен карактер заведено под број 11-9 на ден 15.01.2026 година. Во барањето наведе дека бара информација за Договори за исплатени хонорари за сите учесници за учество на „ЗИМСКА ПРИКАЗНА 25/26’’-Битола.

Врз основа на барањето информација од јавен карактер имателот на информацијата **Општина Битола ви ја доставува информацијата и прилозите:**

1.Барање за пристап до информации од јавен карактер со бр.11-9/1 од 15.01.2026 год.
2.Допис до секотор за економски развој,јавни дејности и информатичка технологија со бр. 11-9/2 од 17.01.2026 год.
3 Одговор од сектор за економски развој,јавни дејности и информатича технологија со бр.11-9/3 од 28.01.2026 год.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

Решено во **Општина Битола** на 28.01.2023 година, под бр. 11-9/4.

**Службенено лице за посредување при остварување**
**на правото на слободен пристап**
**до информации од јавен карактер**
**Марија Атанасовска**
-----------------------------

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА • ОПШТИНА БИТОЛА •